**З А П И С Н И К**
**од Шестата (тематска) седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 19.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шестата (тематска) седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 19.6.2017 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваше и м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ИНФОРМАЦИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ И НАТАМОШНИТЕ НАСОКИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИТНИТЕ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ, СО ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПАТОКАЗОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИТНИТЕ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ

2. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА 14-ОТ КОМИТЕТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

3. ИНФОРМАЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА – РЕВИЗИЈА 2017 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2017 ГОДИНА

4. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот и натамошните насоки за дефинирање на мерки за реализација на Итните реформски приоритети, со Табеларен преглед на Патоказот за реализација на Итните реформски приоритети и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Во делот 4 од Информацијата како поглавје да се додаде „Затворање на легислативниот дел на Рамковниот договор“.

2. Во Табеларниот преглед, во поглавјето Изборна реформа во делот институции учесници во среднорочните и долгорочните приоритети да се додаде и Кабинетот на Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

3. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во координација со претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и министерската работна група (во која се и заменикот на претседателот за европски прашања д-р Бујар Османи, министерот за одбрана м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и министерот за надворешни работи м-р Никола

Димитров), да продолжи да ја координира подготовката на Патоказот за реализација на Итните реформски приоритети и за напредокот да информира на секоја редовна седница на Владата во рамките на претточката Состојби и напредок во процесот на европска интеграција, а по потреба и на специјални министерски состаноци.

4. Секретаријатот за европски прашања, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија да организира консултативна средба со граѓанското општество на 23 јуни 2017 година (петок) во 12 часот, на која да се договорат формите на натамошна соработка по однос на Патоказот.

5. Се задолжува ад-хок работната група (претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министертсвото за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда), на работно ниво, да продолжи со комуникација со сите надлежни институции од кои се потребни инпути за прецизно дефинирање на мерки за реализација на утврдените приоритети, а за резултатите редовно, а најмалку еднаш неделно, да го информира заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и сите министри членови на министерската работна група.

6. Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, по утврдувањето на Патоказот, во рамките на Секретаријатот за европски прашања да утврди механизам за следење на имплементацијата на Патоказот, како и форми и начини на информирање за напредокот до Владата, до Собранието, до Европската комисија, до земјите членки на ЕУ и Евро-Атлантските партнери, до граѓанскиот сектор и до пошироката јавност, со цел навремено, коректно, целовито и ефикасно промовирање на позитивните ефекти од имплементацијата на приоритетите од Патоказот.

7. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за надворешни работи и ад-хок работната група да пристапат кон подготовка на стручниот дел од Тематската седница на Владата, што ќе се одржи на 26 јуни 2017 година, со учество на комесарот за проширување на Европската Унија, Јоханес Хан.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на 14-от Комитет за стабилизација и асоцијација и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, да претседава со 14-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 29 јуни 2017 година во Брисел.

2. Се задолжуваат Билен Саљији, министер за правда и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, да учествуваат на 14-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 29 јуни 2017 година во Брисел.

3. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, во координација со ресорните министерства да го определи составот на Делегацијата која ќе учествува на 14-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 29 јуни 2017 година во Брисел.

4. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финасии, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за животна средина и просторно планирање да достават номинации за претседавачи или координатори за поткомитетите во нивна надлежност до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 20 јуни 2017 година.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја координира подготовката на 14-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 29 јуни 2017 година во Брисел.
6. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да достави информација до Владата за одржаниот 14-ти состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 29 јуни 2017 година во Брисел, најдоцна до 11 јули 2017 година.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија – ревизија 2017 година, со предлог Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија 2017 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат работните групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија, на квартално ниво да доставуваат до Секретаријатот за европски прашања извештаи за реализација на предвидените активности во НПАА од изминатиот тримесечен период, почнувајќи од 1 јули 2017 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, на редовна квартална основа да ја информира Владата на Република Македонија за степенот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија - ревизија 2017 година, почнувајќи од 20 јули 2017 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна во рок од седум дена, до Секретаријатот за европски прашања да достави наративен дел и матрица за Поглавјето 3.27 Животна средина, во подрачјето хемикалии.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација и се укажува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најдоцна во рок од седум дена, до Секретаријатот за европски прашања да доставаат ревидиран наративен дел и матрица за

Поглавјето I Политички критериуми, во подрачјето 1.4 Слобода на медиуми/слобода на изразување.

5. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна во рок од седум дена, до Секретаријатот за европски прашања да достави наративен дел и матрица за Поглавјето 3.10 Информатичко општество и медиуми, во подрачјето 3.10.1 Електронски комуникации и информатички технологии.

6. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна во рок од седум дена, до Секретаријатот за европски прашања да достави наративен дел и матрица за Поглавјето 3.24 Правда, слобода и безбедност, во подрачјето 3.24.8 Борба против дрога.

Истовремено, се задолжува Секретаријатот за европски прашања да побара мислење од сите министерства и други релевантни институции, по последниот текст на предлог Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) – ревизија 2017 година, со цел истите да се произнесат во најкраток можен рок, согласно заклучокот од 2-та седница на Владата, одржана на 6.6.2017 година – прашања и предлози.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:20 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |